# ЕДУКАЦИЈАТА И ОБУКАТА СЕ ОСНОВА ЗА СÈ




***ДОЦ. Д-Р ЈОВАНКА ШАРАНОВИЌ Е ДИРЕКТОРКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА И СОВЕТНИЧКА ЗА РОДОВИ ПРАШАЊА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА. ЦЕЛИОТ СВОЈ ПРОФЕСИОНАЛЕН И НАУЧНО –ИСТРАЖУВАЧКИ АНГАЖМАН ГО ПОСВЕТИЛА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕКТОРОТ НА ОДБРАНАТА, А НАЈМНОГУ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО РАМКИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОДБРАНА***

## ИНТЕРВЈУ СО ДОЦ. Д-Р ЈОВАНКА ШАРАНОВИЌ, ДИРЕКТОРКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

**Вие сте прва жена која раководи со Институтот за стратегиски истражувања, кои се предизвиците да се биде на така висока и одговорна функција и каков беше развојот на ваша кариера?**

– Точно е дека сум прва жена на чело на оваа исклучително важна институција на системот за одбрана која има традиција долга 31 година. Ми се чини дека сум и своевиден феномен кога е во прашање Институтот. Речиси од неговото формирање и јас сум дел од него. Бев примена на јавен конкурс, ги поминав сите должности од приправник истражувач до директор. Постојано учев и пример ми беа најдобрите. За себе можам да кажам дека сум професионалец. Мој најголем предизик беше да не се изневерам себе си и оние кои веруваа во мене, да ја одржам институцијата во овие турбулентни времиња и да направам очигледен и мерлив резултат. Мислам дека успеав во тоа.

**Сферата на вашиот научен интерес е широка, сепак преовладуваат прашањата и проблемите поврзани со родовата рамноправност и положбата на жената во одбранбениот сектор и сл. Кој беше мотивот уште на магистерските студии да се соочите со оваа деликатна тема и кои се вашите најзначајни трудови во оваа област?**

– Можам да кажам дека изборот на темата за магистерскиот труд беше случаен, а подоцна го одреди мојот професионален пат. Темата беше недоволно истражувана, предизвикувачка и корисна за системот на одбраната. Следи докторатот „Ангажирање на жените во функција на порационално располагање со човечките ресурси во одбраната“, па неколку монографии како резултат од работата на проектите: „Жената во одбраната – од традиционалното до современото“ (2006); „Школување на девојките во Воената академија“ (2007); „Матурантите за професијата офицер“ (2008); „Во чекор со времето – МО и ВС на патот на објективизација на родовата рамноправност“ (2011); Зборници на трудови од меѓународните научни конференции посветени на родовиот аспект: „Жените во војската“ (2006); „Жените во безбедносниот сектор – регионална перспектива“ (2010). Морам да ја спомнам и статијата „Родовата рамноправност во војската на Србија – помеѓу диктатот на минатото и предизвикот на иднината“, кој е прогласен за најдобар напис објавен во „Воено дело“ во 2011 година.

**Како советничка за родови прашања на министерот за одбрана соочени сте со многубројни проблеми на овој план. Кога е воведена оваа функција и кои се вашите најзначајни активности?**

– Тоа е механизам кој е предвиден со нашиот НАП за имплементација на РСБ УН 1325 со цел воведување на родовата перспектива во политиката и програмата на надлежното министерство. Таа должност, покрај своите редовни обврски, ја извршувам од 2013 година. Предизвиците се бројни бидејќи секоја година расте бројот на жените во униформа. Еден од предизвиците, на самиот почетокот,

беше воведување на институционалните механизми за имплементација на НАП и нивна одржливост. Подоцна, потребата за усогласување на професионалните и семејните улоги; изнаоѓање на адекватен механизам за пополнување на работните места на жените кои се на породилно отсуство; почитување на ергономските параметри на работното место; здравствена заштита на жените и сл. Своите најзначајни активности ги гледам во фактот што дадов свој придонес во научното втемелување на оваа област, во бројните истражувања и проекти со кои раководев или во кои учествував, во организацијата на научните конференции на кои бевме во можност да ги презентираме резултатите на нашите истражувања, да ги размениме искуствата и да ги споредиме постигнувањата со земјите од регионот и светот.

**Бевте заменик на раководителот на работната група на МО за изработка на НАП за имплементација на Резолуцијата СБ УН 1325. Кои се бенефитите за безбедносниот систем на РС од донесувањето на НАП за имплементација на Резолуцијата 1325?**
– Оваа година се навршуваат 5 години од имплементацијата на нашиот НАП. Бенефитите за безбедносниот систем се бројни: институционална изграденост и значаен напредок во функционирањето на институционалните тела и механизми на родовата рамноправност, квалитетна мултисекторска и соработка со цивилното општество, добра мрежна поврзаност меѓу луѓето кои се занимаваат со оваа тема, застапеноста на жените во безбедносниот сектор. Тука, пред сè, мислам на зголемувањето на нивната застапеност во униформираниот состав во војската и полицијата и зголемувањето на застапеноста на жените во одлучувањето. Воспоставена е евиденција на кадрите според полот, која редовно се ажурира. Започнати се активности за измена и дополна на законските прописи кои се однесуваат на жените и заштита од насилство на работното место и во семејството. Најголем број на реализирани активности во спроведувањето на НАП во претходниот период е реализиран во областа на едукацијата, со вклучување во тој процес на органите на државната управа, организациите на цивилното општество и на меѓународните организации.

**Бевте член на работната група за изработка на студија за положбата на жените во вооружените сили на државите од Западен Балкан. Генерално, кои се вашите ставови во врска со положбата на жените во вооружените сили во нашиот регион?**
– Регионалната студија е единствен пример за регионална соработка. Работната група ја разви методологијата за изработка, ја дефинираше структурата, го организираше собирањето на податоци, ја изработи студијата и сетот на препораки. Покрај податоците за застапеноста на жените, во студијата се претставени политиките и практиките на министерствата за одбрана и на вооружените сили за привлекување и вработување на жените, развојот на кариерата, образованието и обуката, учеството во мировните мисии, како и политиките и практиките од областа на остварувањето на родовата рамноправност во вооружените сили. Ценејќи го фактот дека имаме заедничка историја, проблемите со кои се соочуваме се слични, дека зборуваме со „ист јазик“, она што по мене е заеднички именител, според наодите на студијата,




е дека жените претставуваат малцинство како припадници на вооружените сили во нашиот регион, дека се најзастапени, хиерархиски гледано, на најниските позиции, претежно во служби и на работи кои инаку почесто ги извршуваат во војската со статус на цивилни лица. Она што охрабрува е дека постојано расте нивниот број во униформираниот состав, со извесна перспектива во скора иднина да ги заземат и најодговорните командни должности. Значаен е и трендот на зголемување на нивното учество во МО. Многу се работи на привлекување, задржување и промоција на воената професија. Сепак, мислам дека како регион најмногу напреднавме во сфаќањето на самата тема каде ги прифативме светските трендови.

**Колку е важна регионалната соработка на овој план и како таа може најоптимално да се оствари?**
– Регионалната соработка е клучна во обликувањето на регионалниот пристап во имплементацијата на Р 1325. На овој начин земјите од регионот се декларираат како модерни, спремни за соработка и за пронаоѓање на заеднички интереси. А заеднички интерес, долгорочно гледано гледано, е стекнување доверба, безбедност, сигурност и стабилност во овој, низ историјата, невралгичен регион. Заедничкото планирање на активности, информирањето и консултациите за прашањата од заеднички интерес на овој план ние веќе сме го оствариле преку синхронизација на механизмите на родовата рамноправност. Таа добра практика само треба да ја продолжиме, да ја одржуваме и да ја збогатуваме. Конкретни видови на заедничка соработка во наредниот период гледам во организирање на тематски научни конференции, во размена на експерти, заеднички обуки, во „извозот на знаење“ (регионални инструктори) во други региони. Многу постигнавме и сметам дека е крајно време и ние да им бидеме пример и модел на другите кој треба да го следат.

**Кои се најважните механизми за промоција на родовата рамноправност во безбедносниот сектор?**
– Најдобар начин за промоција на родовата рамноправност е афирмација на професионализмот, на компетенциите и на достигнувањата, без разлика дали се работиу за маж или жена. Најважно е дали својата работа ја работиш добро и дали резултатите се видливи и мерливи. Уште една работа, според мене многу битна, а тоа е во промоцијата на родовата рамноправност да ја задржиме онаа фина доза на вкус, на реалност, објективност и одмереност. Ние нашите механизми за родова рамноправност ги изградивме, а сега треба да се фокусираме на нивното одржување. Мислам дека едукацијата може да ни помогне во тие напори. Имаме членови и членки на институционалните тела кои за овие 5 години поминале бројни обуки, поседуваат знаење и голема мотивираност да го пренесат на припадниците на одбранбениот систем. Имаме сертифицирани ин-






структори, кои го раширија „Прирачникот за обука од областа на родовата рамноправност“ во МО и ВС наменет за обука на разни целни групи во МО и ВС.Тежиштето е на „лицата од доверба“ каде што ни е во план да ја интегрираме родовата перспектива во процесот на оперативното планирање.

**Вие сте и професор на Воената академија на РС. Сметате ли дека е потребно темата за родовата рамноправност да се обработува на повисоко научно ниво, како посебен предмет кој ќе придонесе за сестрано образование на идните припадници на армијата?**

– Ние во Србија имаме Центар за женски студии при Факултетот за политички науки во Белград, Центар за родови студии на Универзитетот во Нови Сад, Превни родови студии на Правниот факултет во Ниш. Лично сметам, иако верувам дека некои не го делат моето мислење, дека би било корисно да има посебен предмет на Воената академија – „Родот и ефикасноста на воената организација“ (можеби на почетокот како изборен) токму поради (почитувајќи ја специфичноста на предметот) потребата на системот, практиката и интересот кој го покажуваат припадниците на системот кога ќе завршат со школувањето на ВА, своето образование да го продолжат на други факултети. Тука се цел спектар на теми кои би се изучувале само на ВА: проблемите на селекција и класификација, ефикасноста и функционирањето на родово мешаните состави, влијанието на кохезијата на групната динамика и достигнувањата, студии за случаи кои исклучиво би биле поврзани со ефикасноста на воената организација. Мислам дека ВА, покрај тоа што со едукација и обука нуди врвно образование и создава лидери на новото време, треба и да ја поттикнува исклучителноста, капацитетот за критичка анализа. Мислам дека воведувањето на изборен предмет би дало свој придонес кон тоа.

**Колку според вас е значајна обуката за родовите прашања и на пониско ниво, особено обуката на припадниците кои се обучуваат да заминат во меѓународни мисии и дали и како таа се спроведува?**

– Едукацијата и обуката се основа за сè. Маршалот Фердинант Фокс кажал една паметна реченица која често ја цитирам: „Човекот може еноставно да работи и да го примени тоа што го знае. За да направи дури и многу малку човекот мора да знае многу и тоа многу добро“. Ние во потполност се придржуваме до оваа реченица кога е во прашање обуката на нашите состави за заминување во мултинационални операции. Пред испраќањето во мисија, според Основниот стандардизиран модул на ОН за обука за МНО, се изучуваат теми како што се Превенција на сексуалното искористување и злоупотреба и Половата еднаквост во мултинационалните операции. Постојат и теми кои се однесуваат на одговорноста кон цивилното население, особено кон жените и децата, како и на механизмите за спречување на насилството над жените и целосна одговорност во случај на недолично однесување на припадниците на мировните контингенти и вработените во службите на ОН. На академско ниво, во рамките на Центарот за мировни операции на ГШВС веќе четврта година по ред се одржува курсот „ Родот во мултинационалните операции“ каде што покрај припадниците на МО и ВС учествуваат и други припадници на безбедносниот сектор.

**Кој е вашиот став за улогата на медиумите за подигање на свеста и промоција на родовата рамноправност?**

– Било што да работите медиумите се неопходен сојузник. Медиумите влијаат на промената на свеста, го креираат јавниот дискурс околу темата за родовата рамноправност, ве прават видливи. Земајќи го предвид овој факт, ние на овој сегмент му придаваме големо внимание во одбранбениот систем. Во Управата за односи со јавноста редовно се прават анализи за тоа како медиумите известуваат за жените во безбедносниот сектор. Резултатите на тие анализи покажуваат дека често во медиумските прилози отсуствува женската перспектива, преовладуваат стереотипите, како и присуството на родовата пристрасност. Поради тоа, покрај обуката на вработените во УОЈ за основните прашања на родовата рамноправност, посебно внимание посветуваме на едукацијата на офицерите за односи со јавноста и на новинарите на магазинот „Одбрана“ за одговорно известување за родовите. Исто така, настојуваме во секојдневната комуникација со претставниците на медиумите да работиме на нивната родова сензитивизација и да им укажеме на значењето на родовата перспектива во медиумските прилози.

**Бевме дел од успешно реализираната меѓународна конференција „Родовата рамноправност во одбранбениот систем – достигнувања и перспективи“ во организација на МО на РС. На конференцијата учествуваа врвни експерти, научни работници, НАТОм – експерти, вработени во министерствата за одбрана и во други институции, претставници на невладиниот сектор. Колку е значајна плодната научна дебата за развојот и унапредувањето на соработката на полето на родовата рамноправност?**

– Мислам дека научната дебата е неопходна, корисна и ги поместува границите, отвара други перспективи и нови видици, ја менува организациската култура. Мислам дека оваа конференција е доказ дека квалитативните напредоци се можни, посакувани и очигледни. Во процедура е печатењето на Зборникот на трудови од оваа конференција како трајно сведоштво на размената на добра практика на полето на родовата рамноправност.

*д-р Жанет Ристоска*

